ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работата на ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци во учебната 2023/24 година

Во годишниот извештај ќе ги презентираме позначајните активности од извршената воспитно-образовна работа, планирани со Годишната програма за работа, изготвена согласно Законот за основно образование, општата програмска структура и наставните планови и програми.

1. Услови во кои работи училиштето

Во составот на основното училиште работат 4 подрачни училишта и тоа: подрачно училиште во Чешиново од 1-9 одд. и 3 подрачни училишта од 1-5 одд.во Спанчево, Жиганци и Уларци. Училиштето во с.Жиганци е во мирување поради недостаток на ученици.

Во основното и подрачните училишта има вкупно 27 училници, 8 канцеларии, 2 училишни сали, 6 санитарни јазли и 3 помошни мали простории.

Во Чешиново, Соколарци и Спанчево топлењето се одвива со парно на пелети. Материјалот е набавен и сместен. Во ПУ с.Уларци е набавено огревен материјал-дрва со кои ќе се затоплуваат просториите со печки.

Обезбедени се услови за почеток на учебната година со следните извршени активности:

-Извршено е дератизација на сите простории;
-Санитарните јазли се очистени и дезинфецирани;
-Огревниот материјал среден и сместен во просториите;
- Извршени се систематски и санитарни прегледи на вработените;
-Водата за пиење редовно се проверува од одговорно лице;
-Обезбедени се хигиенски средства за одржување на хигиената во училиштата;
-Купени се нови нагледни средства според потребите на наставниците;
-Хортикултурно уредување во училиштата;
- Во ПУ во с.Чешиново извршено е целосно реновирање на тоалетите наменети за потребите на учениците и замена на старите врати со нови ПВЦ;
- Набавка на спортски реквизити за основното и сите подрачни училишта;
- Целосно варосување на ПУ во с.Спанчево и поставување на парно греење на печка на пелети;
- Реновирање на таванска конструкција во ПУ во с.Спанчево со гипс картон;
- Набавка на печка на пелети за во ООУ с.Соколарци и ПУ с.Спанчево;
- Набавка на канцелариски мебел за потребите на вработените во основното и подрачните училишта;

Наставата во сите училишта се одвива во една смена.

Реонот на ООУ„Страшо Пинџур“-Соколарци ги опфаќа селата: Соколарци, Чешиново, Спанчево, Жиганци и Уларци. Оддалеченоста на подрачните од основното училиште е околу 3-5 км. Наставата се изведува на македонски јазик. Училниците просторно се во добра состојба и одговараат според потребите за изведување на воспитно-образовниот процес.

По предметот ФЗО од прво до петто одделение во училиштето има тандем наставник по ФЗО кој што заедно со одделенскиот наставник ги одржува часовите по ФЗО.

Училишни сали има во Соколарци и Чешиново. Од справи на располагање има 2 греди, 4 стари душеци и 2 нови, 1 јарец и 2 маси за пинг понг. Два душека се сместени во училница во ПУ Чешиново која е адаптирана за потребите по предметот ФЗО во услови кога наставата не може да се реализира на отворено. Во истата е поставена и пинг понг маса. Салата во Чешиново не е за употреба. Во сите училишта има асфалтирани површини за игралиште. Тревните површини редовно и уредно се одржуваат, а еко-одборот води грижа за цветните површини со помош на хигиеничарите.

2.Ученици и паралелки

На ниво на училиште се школуваат 196 ученика и тоа: 117 ученика во одделенска настава и 79 во предметна настава. Од нив 117 се машки, а 79 се женски.

Во учебната година сите училишни обврзници се опфатени за школување.

Бидејќи редовноста на учениците е важен фактор при постигањата на резултатите во школувањето, одделенските раководители и предметните наставници во соработка со стручната служба и директорот настојуваат редовноста на учениците да биде на потребното ниво.

На ниво на училиште во текот на учебната 2023-2024 год. има вкупно 5688 изостанока од кои 5407 се оправдани изостаноци или 27,72 изостаноци по ученик. Неоправдани изостаноци има вкупно 281 или 1,44 изостаноци по ученик. Споредено со изостаноците од минатата година оправданите изостаноци се намалени за 200 изостанока (минатата година имаше 5607 оправдани), а неоправданите изостаноци се зголемени за 80 изостанока (минатата година имаше 201 неоправдани). Педагошки мерки во оваа учебна година се изречени 14,: Стефан Костов 7 одделение – укор, Тоше Шахинов 9 одделение – укор, писмена опомена и намалено поведение. Матеј Николов 9 одделение – укор. Филип Ефремов 9 одд.-укор, усна опомена Бојан Радевски 9 одделение – усна опомена,Илија Арсов 7 одд. – усна опомена, Петар Ефремов 8 одд. усна опомена, Лазе Тасев 9 одд. – усна опомена, Мики јакимов 9 одд. – усна опомена,

Христијан Симијонов 5 одд. – писмена опомена, Драган Николов 9 одд.- писмена опомена.

Забелешка:

Ученичката Ивана Донева редовен ученик во 6 одделение во ООУ„Страшо Пинџур“ с. Соколарци по претходни домашни посети, советувања, телефонски разговори со родителот, розговори и исвестувања со Центарот за Социјална работа – Кочани и пријава до ДПИ-Скопје поради неоправдано отсуство не можеше да биде оценета поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови и поради тоа беше донесена одлука на наставнички совет да полага одделенски испит по сите предмети кои што ги изучува во 6 одделение. Ученичката не ја изврши својата должност и не присуствуваше на ниту еден одделенски испит и покрај тоа што беше писмено и усно известена, со што ја повторуваше годината односно во учебната 2024/25 ученичката ќе го продолжи своето образование во истото одделение.

Оправдани изостаноци 214

Неоправдани изостаноци 172

Вкупно 385

Ученикот Христијан Станисавов редовен ученик во 1 одделение во ООУ„Страшо Пинџур“ с. Соколарци по барање на родителот го одложи своето школување и во учебната 2024/25 година повторно ќе биде редовен ученик во 1 одделение со одлука број 09-194/2 од 07.05.2024 г.

Оправдани изостаноци 113

Неоправдани изостаноци 35

Вкупно 148

3.Наставен кадар

Сите одделенија и наставни предмети се стручно застапени. Структурата на наставниот кадар во училиштето по степен на образование изгледа вака:

Одделенска настава :	Со високо образование-	12
	Со вишо образование -	1
Предметна настава:	Со високо образование -	15
	Со вишо образование -	1
Педагог:	Со високо образование -	1
Психолог:	Со високо образование -	1
Директор:	Со високо образование -	1
	Вкупно:	32

4. Стручно усовршување на наставниот кадар

Стручното усовршување на наставниот кадар се извршува индивидуално, преку користење на стручна литература, колективно или групно преку состаноци на стручни активи и преку посета на обуки, семинари и работилници што ги одржува Бирото за развој на образованието. Наставниците од нашето училиште ги посетија следните обуки и семинари:

- Учество на обука на тема „Како да му помогнеме и полесно да го водиме детето низ вознемирувачките емоции“ одржана на ден 25.11.2023 на која учество зедоа Викторија Костадинова и Кети Филипова
- Учество на обука на тема „Од пофалба до дисциплина без казна“ одржана на ден 02.12.2023 на која учество зедоа Викотрија Костадинова и Кети Филипова
- Учество на обука организирана од БРО за сите одделенски наставници и наставничката Тодорка Стоименова по македонски јазик на тема „Медиумска писменост“;
- Учество на обука на тема „Односот на родителите спрема децата со проблеми во однесувањето“ на која учествуваше Соња Величкова во периодот од 22-24.08.2023 година;
- Учество на конференција EDUvision на тема „Техники за учење“на која учествуваше Соња Величкова во периодот од 22-24.11.2023 година;
- Учество на обука организирана од Smart Ap на тема „Креираме заедно за подобра комуникација “ поддржана од Детската фондација Песталоци на која учество зеде Соња Донева на 18.11.2023 година.
- Учество на обука на тема „Остварување на правата на лица со попреченост на национално и локално ниво“ одржана на ден 27.03.2024 во Кочани на која учествуваше Кети Филипова;
- Учество на обука на тема „Асистивна технологија“ одржана на ден 03 и 05.04.2024г. во ООУ„Никола Карев“ Кочани на која учество зеде Кети Филипова;
- Учество на обука на тема „Зајакнување на капацитетите за управување на менструалното здравје и хигиена“ организирана на од страна на БРО одржана на ден 19.04.2024г. одржана во хотел Оаза - Штип на која учество зеде Кети Филипова;
- Учество на обука на тема „Асистивна технологија“ одржана на ден 03 и 05.04.2024г. во ООУ„Никола Карев“ Кочани на која учество зеде Кети Филипова;
- Учество на обука на тема „Унапредување на квалитетот на училиштата преку ревидирана рамка за оценување на квалитетот на

училиштата, самоевалуација и развојно планирање“ одржана на 22 и 23.04.2024 г. на која учество зеде Ленче Јакимова и Виолета Иванова;
- Учество на вебинар на тема „Можностите на вештачката интелигенција: Апликациите на ВИ го трансформираат образованието“ одржана на ден 21.02.2024г. на кој учествуваше Влатко Давитков;
- Учество на вебинар на тема „Зајакнување на наставничките компетенции за медиумска писменост во ерата вештачката интелигенција“ одржана на ден 29.02.2024г. на кој учествуваше Влатко Давитков;
- Учество на работилница Prelim 3 – Possibilities for Differentiation of English Language Teaching Materials во времетраење од 90 минути оддржана во Скопје и организирана од Елтам МК на која учествуваше Дарко Стојанов на ден 27.03.2024 година;
- Завршена онлајн обука организирана од проектот „Trusth Tech: Медиумска писменост во ерата на вештачката интелигенција“ во период од 01.03 до 31.03.2024г.
- Учество на еду конференција на тема „Kahoot“одржана на ден 13 и 14.03.2024г.

ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Воспитно-образовната работа во училиштето опфаќа:

А) Настава

Б) Воннаставни воспитно-образовни активности на училиштето во локалната средина

В) Културно образовни активности на училиштето во локалната средина

Г) Следење, унапредување и вреднување на ВОД.

А) Настава

Наставата започна на 1 септември, со однапред изготвен распоред на часовите. Тој беше изготвен од страна на директорот и наставникот по физика и природни науки и во него се почитувани стручно и педагошко-психолошките барања, појдувајќи од објективните услови и специфичностите во кои се наоѓа нашето училиште.

Планирањето на наставата, согласно наставните програми е извршено од сите наставници во форма на глобални, тематски, процесни, дневни планирања и исработка на сценарија. Планирањата беа прегледани од педагогот на училиштето и беа доставени до директорот на училиштето. Констатација: сите наставници имаат годишни и тематско процесни планирања.

Задолжителна настава се реализираше по сите предмети по наставниот план.

Изборна настава е реализирано по предметите:

Чешиново

7 одделение – Вештини за живеење

8 одделение – Проекти од информатика

9 одделение – Проекти од музичка уметност

Соколарци

7 одделение – Истражување на родниот крај

8 одделение – Проекти од музичка уметност

9 одделение – Танци и народни ора

4 одделение 1 полугодие – Сликање/цртање/вајарство

5 одделение 1 полугодие – Заштита на животната средина

6 одделение 1 полугодие – Мултикултурни работилници

4 одделение 2 полугодие – Кошарка

5 одделение 2 полугодие – Градинарство и хортикултура

6 одделение 2 полугодие – Емоционална писменост

За талентираните ученици училиштето организираше додатна настава, а за слабите дополнителна настава. Реализацијата на овој вид на настава беше според распоредот.

Успех на учениците во наставата

Учениците од 1 до 3 одделение, вкупно 79 ученика се оценети описно. Учениците од 4 до 9 одделение, вкупно 117 ученика се оценети бројчано. Средниот успех за нив е 3,86 кој е намален за 0,09 од минатата учебна година кога бил 3,95. Најдобри резултати постигнаа учениците од 6 б одделение во ООУ с.Соколарци со среден успех 4.91.

Оценувањето на учениците е формативно и сумативно. Тоа се врши со разни форми и постапки на оценување (чек листи, бодовни листи, самооценување, усни и писмени повратни информации и сл).

Утврдувањето на годишните оценки одделенските раководители го вршат на седница на Одделенски совет. Учениците се оценети и оценките се внесени во електронскиот дневник, според правилникот за оценување.

Б) Воннаставно воспитно-образовни активности

Оваа учебна година се реализирани следните активности:

-Одбележување на првиот училишен ден, прием на првачиња со свечена приредба 01.09.2023 г.

-Учество на организирани противпожарни игри организирани од ДПД Кочани на кои учествуваа ученици од 5 одделение под ментроство на наставничката Наталија Стоиловска;

- Одбележување на европска недела на спорт организирана со спортски активности со учениците од 4 и 5 одделение под менторство на Сашко Ефремов, Владо Гицов и Дени Митров;

- Одбележување на „Европска недела на Мобилност„ со учениците од 1 до 9 одделение од 16.09.2023 г. до 22.09.2023 г. под менторство на наставникот Зоран Давитков преку следните активности:
  - Сообраќајни знаци
  - Цик Цак
  - Свртување на свиоци
  - Брзо запирање
  - Разнесување на весници-импровизација
  - Подигнување шише
  - Рачни сигнали
  - Сообрачајни знаци и правила
  - Решавање на повеќенасочници за велосипедски делови и облека
  - Велосипедска облека и опрема
  - Велосипедски делови
  - Од точка до точка
- Одбележување на светскиот ден на јазиците со литературно читање со учениците од 6 – 9 одделение на ден 26.09.2023;
- Нашето училиште ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци беше избрано во примерокот за преттестирање во петто одделение во рамките на државното тестирање. Тестирањето се одржа на 4 и 5 октомври 2023 година и во него беа опфатени сите ученици од шесто одделение кои биле петто одделение во учебната 2022/2023 година. Тестирањето беше по македонски јазик и математика и беше организирано од страна на Државен испитен центар и спроведено од страна на стручниот тим на училиштето кои беа обучени на претходна обука. Во тимот беше

вклучен координатор, тестатор и заменик тестатор, а тестирањето се одржа во просториите на ПУ Чешиново. Тестирањето се спроведе во најдобар ред, а тестовите и прашалниците се пратени на проверка во ДИЦ.

- Со повеќе активности ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци ја одбележана Детската недела и Денот на учителот со свечена приредба каде првачињата дадоа Ветување и беа примени во Детската организација на кои им беа дадени пригодни подароци за сеќавање на денот на прием во организацијата; имаше литературно читање на тема „Јас и светот околу мене“, а воедно учениците од одделенска и предметна настава изработија проекти за правата и обврските на детето во периодот од 02.10-06.10.2023 година;
- На ден 25.10.2023 по повод месецот на книгата во нашето училиште се одржа литературно читање на кое присутни беа членови на литертурниот клуб Копнеж при библиотека Искра - Кочани кои исто така ни се претставија и ни прочитаа неколку песнички.
- Денот на штедење 31 Октомври го прославивме со активности во делот на финансиска едукација на младата популација. Нашето училиште беше посетено од Штедилница Можности и имаше успешна работилница на тема Финансиска едукација на млада популација во делот на најкористени финансиски поими (пари, кредити, камата, трошок, приход) како и едукација во областа на штедење и улогата на штедењето како вредност кај младата популација со учениците од 6 – 9 одделение;
- Посета на Саем на книгата во библиотека Искра – Кочани со ученици од 6-9 одделение и наставничките Тодорка Стоименова и Лимонка Стојкова на ден 10.11.2023 година;
- На ден 18.11.2023 година се одржа Регионалниот натпревар по македонски јазик во ОУ „Никола Карев“-Кочани и учество зедоа нашите ученици Ангела Спасова и Мелани Царева од 9 одд. и освоија 3 место под ментроство на наставничката Тодорка Стоименова и Делфина Ѓоргиева од 8 одд. која освои 2 место под менторство на наставничката Лимонка Стојкова со што стекнаа право за учество на Државен натпревар;
- Учество на Државен натпревар по македонски јазик од страна на учениците Ангела Спасова и Мелани Царева од 9 одд. под менторство на наставничката Тодорка Стоименова кои беа пофалени и Делфина Ѓоргиева од 8 одд. под менторство на наставничката Лимонка Стојкова исто така пофалена кој се одржа во Скопје на ден 16.12.2023 година;
- Учество на фудбал женски со учениците од 7 до 9 одделение под менторство на наставникот Сашко Ефремов;
- Учество на футсал машки со учениците од 7 до 9 одделение под менторство на наставникот Сашко Ефремов на ден 27.10.2023 година;

- Учество на фудбал машки со учениците од 7 до 9 одделение под менторство на наставникот Сашко Ефремов 03.11.2023 година;
- Учество на ракомет женски со учениците од 7 до 9 одделение под менторство на наставникот Сашко Ефремов на ден 23.11.2023 година;
- Учество на Интернационален натпревар по информатика „Дабар 2023“ со учениците од 5 до 9 одделение. Натпреварот беше спроведен од 13.11-17.11.2023 година со 17 женски и 35 машки ученика под ментроство на наставникот Влатко Давиктов;
- Работилница на тема „превенција од насилно однесување“ со учениците од 7 и 9 одделение во ПУ с.Чешиново на ден 03.11.2023г. одржана од страна на стручната служба;
- Работилница на тема „Изразување на емоции“ со учениците од 1 одделение во централното и подрачните училишта реализирана во периодот од 08.11-15.11.2023г. одржана од страна на стручната служба;
- Спроведено истражување кај учениците од 3 одделение преку проверка на познавање на буквите, читање и разбирање на прочитан непознат текст спроведено од 15.11-17.11.2023 година од страна на стручната служба;
- Работилница на тема „Другарство“ со учениците од 4 и 5 одделение во ПУ с.Спанчево на ден 24.11.2023 г. од страна на стручната служба;
- Одржана едукативна работилница од страна на Црвен крст – Кочани со учениците од 8 и 9 одделение на тема „Болести на зависности“ на ден 20.11.2023 г.;
- Активности на тема „Корупција“ со учениците од 9 одделение на ден 03.11.2023 г. од страна на педагогот и психологот на училиштето;
- Работилница со учениците од 6 и 7 одд. на тема „Правилно однесување на учениците помеѓу себе“ на ден 30.11 и 01.12.2022 г од страна на стручната служба;
- Работилница на тема „како се справуваат учениците во кризни и проблематични ситуации“ со учениците од 6 одделение во ООУ с.Соколарци на ден 12.12.2023 година реализирана од страна на стручната служба;
- Работилница на тема „Годишен преглед“ со учениците од 6 одделение во ООУ с.Соколарци на ден 15.12.2023 година реализирана од страна на стручната служба;
- На крајот од првото полугодие во месец декември беше издаден весникот Пинџурчиња под редакција на учениците:Ангела Спасова,Мелани Царева,Лазе Тасев,Стефани Горгиева,Сара Петрова и Сара Јаневска и одговорни наставници Славе Арсов и Лимонка Стојкова;
- На крајот од месец декември беше издаден и Новогодишниот број од весникот Пинџурчиња под Редакција на: Вилијам Тасев, Андреа Нацева, Матеја Донева, Делфина Ѓоргиева, Матеј Ѓорѓиев, Максим

Јосифов, Матеа Тасева, Леон Николов, Марко Донев, Гораст Јосифов, Михаела Митева и наставници- ментори: Славе Арсов, Стојкова Лимонка и Наум Рашков.

- Во периодот на месец декември со Училишниот парламент при ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци беа реализирани повеќе активности: изработка на плакат за Новогодишната приредба и хуманитарен новогодишен базар; изработка на покана за Новогодишната приредба и хуманитарен новогодишен базар; изработка на декоративни пакетчиња и украси за декорација на холот на училиштето.
- По повод на Новогодишните и божиќните празници на ден 25.12.2023 година во салата во с.Спанчево се оджа Новогодишна приредба и хуманитарен Новогодишен базар. Собраните средства беа донирани на нашиот ученик во 5 одделение во ООУ с.Соколарци Бојан Трајчев;
- Во текот на месец Март беше извршено ТАЛИС истражување со наставници од предметна настава кое имаше за цел да ги пополни клучните меѓународни и национални празнини во податоците во однос на наставниците, наставата и влијанието што што наставниците можат да имаат врз учењето на учениците со координатор Влатко Давитков и Викторија Костадинова;
- Работилница на тема „Безбедност во домот“ со учениците од 1 одделение во ПУ Чешиново на ден 23.01.2024г реализирана од страна на психологот на училиштето;
- Работилница на тема „Како се чувствувам денес“ со учениците од 1 до 5 одделение реализирана од 01 до 30.12.2024г со што анализа на табелите се вршеше од 22.01.2024 до 26.01.2024г. од страна на психологот на училиштето;
- Одбележување на Недела на инфроматиката 2024 со учениците од 6 и 7 одделение реализирано од страна на Влатко Давитков во периодот од 05 до 09.02.2024 г.
- Учество на Републички литературен фестивал Златно перо на тема „На Велигден Христос воскресна“ на кој учествуваа Ангела Спасова 9 одделение, Мелани Царвеа 9 одделение и Сандра Царева 6 одделение под менторство на Тодорка Стоименова на ден 27.02.2024;
- Учество на Ракатки 2024 на тема „Македонија – мојата татковина мојот дом“ на кој учествуваше Ангела Спасова 9 одделение под менторство на Тодорка Стоименова на ден 08.02.2024;
- Учество на Општинскиот натпревар по математика на ден 02.02.2024г под менторство на наставничката Анка Тодосиева на кој учествуваа следните ученици и ги постигнаа следните резултати:
  Јован Зашов 5 одделение - 100 бода (1 место оди на регионален)
  Миа Зашова 5 одделение - 83 бода (2 место оди на регионален)

- Учество на натпревар по Природни науки кој се одржа на 23.02.2024 година на кој учествуваа следните ученици под менторство Даниела Монева и ги постигнаа следните резултати:
  1.Ива Костадинова 4 одделение - 3 награда, оди на регионален
  2.Јован Ангелов 4 одделение - 3 награда, оди на регионален
- На ден 01.02.2024 година учениците од Ученичкиот парламент изработија мартинки кои ги подарија на учениците од 1 до 5 одделение;
- Работилница на тема „Изразување на мислењето за другиот“ со учениците од 4 и 5 одделение во ПУ Чешиново на ден 01.02.2024г реализирана од страна на психологот на училиштето;
- На ден 08.03.2024година по повод 8ми Март учениците од Училишниот парламент изработуваа честитки кои ги подарија на директорката, секретарот, стручната служба и одделенските и предметните наставнички во училиштето;
- На регионалниот натпревар по математика кој се одржа на ден 02.03.2024 година нашите ученици под менторство на наставничката Анка Тодосиева ги постигнаа следните резултати:
  Јован Зашов 5 одделение - 2 место со освоени 74 поени;
  Миа Зашова 5 одделение - учество
- По повод денот на Пролетта 21.03.2024г. во нашето училиште се организираа повеќе активности, изработки, еколошки акции и литературно читање по повод Светскиот ден на поезијата. Во активностите беа вклучени сите ученици од 1 до 9 одделение, вработените во училиштето и Ученичкиот парламент;
- Работилница на тема „Хив - СИДА“ со учениците од 9 одделение на ден 27.03.2024г реализирана од страна на педагогот на училиштето;
- Педагошка работилница на тема „Учење“ со учениците од 6 и 7 одделение на ден 27.03.2024г реализирана од страна на педагогот на училиштето;
- Мотивациска работилница по прва помош реализирана од страна на Црвен крст – Кочани со учениците од 8 и 9 одделение на ден 29.03.2024 г.
- Одбележување на 22 април Светски ден на планетата Земја со акција за засадување на садници од чемпрес во училишните дворови како и изработка на проекти со учениците од 1-9 одделение;
- Одбележување на денот на шегата на ден 01.04.2024 година со учениците од 1 до 9 одделение преку маскирање и прикажување на своите маски во холот на училиштето како и избор на најкреативна маска;
- На регионалниот натпревар по природни науки кој се одржа на 05.04.2024 година нашите ученици под менторство на наставничката Даниела Монева ги постигнаа следните резултати:
  Ива Костадинова 4 одделение - 3 награда

Јован Ангелов 4 одделение - 3 награда

- Одбележување на 15 мај Меѓународен ден на семејството со учениците од 6 одделение од страна на педагогот на училиштето;
- Стручната служба во соработка со модератор Анастасија Ѓоргиева се спроведе едукативна програма за пубертет – Се што сакаш да знаеш за пубертетот со девојчињата од 5 и 6 одделение на ден 11.04.2024г.
- На 22 април 2024 година, ученичките Сања Ефремова и Луна Иванова од 6 одделение со наставникот Славе Арсов ја проследија презентацијата на тројца активисти екологисти во училиштето во Облешево. Како дел од запознавањето со активностите на екологистите, нашите ученици добија подарок млади садници од дрвото гинко.
- Учество на натпревар по прва помош организиран од Црвен крст – Кочани на кој учествуваа 7 ученика 4 ученика од 9 одделение и 3 ученика од 8 одделение под ментроство на наставничката Соња Донева кој се одржа на ден 25.04.2024г.
- Учество на ракомет машки со учениците од 6 до 9 одделение под менторство на наставникот Сашко Ефремов на ден 25.03.2024 година;
- Учество на футсал женски со учениците од 6 до 9 одделение под менторство на наставникот Сашко Ефремов на ден 27.03.2024 г;
- Учество на фудбал машки со учениците од 6 до 9 одделение под менторство на наставникот Сашко Ефремов 02.04.2024 година;
- Учество на мегуопштински турнир во голем фудбал - женски со учениците од 6 до 9 одделение под менторство на наставникот Сашко Ефремов на ден 08.04.2024 година;
- По повод празникот на жената 8ми Март се распиша литературен конкурс на тема „Нежноста и убавината на жената“ и „ Мајка“ за учениците од 1 – 9 одделение. Наградени беа следнива ученици:

1 место – Ивона Алексова 7 одделение
2 место – Сандра Царева 6 одделение и Андреа Нацева 7 одделение
3 место – Ангела Спасова 9 одделение
Пофалени:
Сара Јаневска 7 одделение ПУ Чешиново
Мелани Царева 9 одделение ПУ Чешиново
Матеј Арсов 7 одделение ПУ Чешиново
Делфина Ѓоргиева 8 одделение ООУ Соколарци
Петар Зашов 4 одделение ПУ Спанчево
Ива Костадинова 4 одделение ПУ Спанчево

- По повод Патрониот празник на училиштето и празникот Велигден се распиша литературен конкурс на тема „Училиште мое втор дом“ и „Голем христијански празник - Велигден“ за учениците од 1 – 9 одделение. Наградени беа следнива ученици:

1 место Делфина Ѓоргиева 8 одделение

2 место Ангела Спасова 9 одделение
3 место Мелани Царева 9 одделение
Пофалена Матеа Донева 7 одделение

- На регионалниот натпревар по македонски јазик кој се одржа на ден 13.04.2024 година нашите ученици Јана Милосова 6 одд. Сандра Царева 6 одд. освоија 3 место под менторство на наставничката Тодорка Стоименова и Делфина Ѓоргиева 8 одд.под менторство на наставничката Лимонка Стојкова со освоено 2 место, стекнаа право за учество на државен натпревар.
- На државниот натпревар по македонски јазик кој се одржа на ден 01.06.2024 година зедоа учество нашите ученици Јана Милосова 6 одд. Сандра Царева 6 одд. и Делфина Ѓоргиева 8 одд.под менторство на наставничката Тодорка Стоименова.
- Работилница на тема „Професионална ориентација“ со учениците од 9 одделение одржана на ден 20 и 21.05.2024г.од страна на психологот на училиштето;
- Реализирана активност на ден 15.05.2024год. од страна на наставничката Тодорка Стоименова по предметот македонски јазик со учениците од 6 одделение во ПУ с.Чешиново на тема "Медиумска писменост, стереотипи и говор на омраза";
- На ден 17.05.2024 година се спроведе најголемата еколошка акција во историјата на нашата земја ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД. Оваа акција се спроведува четврта година по ред, а оваа година учество зеде и нашето училиште ООУ„Страшо Пинџур“ с. Соколарци како и подрачните училишта во с.Чешиново, с.Спанчево и с.Уларци Општина Чешиново-Облешево. Со вакви активности, симболично покажуваме дека со секој килограм селектиран и рециклиран отпад, придонесуваме за позелена планета и поздрава животна средина".
- Учество на ученичката Ангела Спасова од 9 одд. и освоено второ место на Меѓународниот литературен конкурс на тема ,,Шарените бродови" под менторство на наставник Тодорка Стоименова во организација на литературната манифестација ,,Средби под јаворите- Видое Подгорец 2024г;
- Во текот на месец мај беше извршен Упис на првачиња за учебната 2024-2025 година со однапред утврдена комисија за упис од страна на директорот на училиштето;
- Во периодот на месец мај и јуни со учениците од 9 одделение се реализираа повеќе средби од страна на психологот со цел насочување во нивното идно образование, им беа одржани презентации од страна на претставници од средни училишта како и посета на средни училишта;
- Учество на Поетски фестивал Мајски цвет на ден 31.05.2024 година на кој учество зедоа Ангела Спасова 9 одделение, Мелани Царева 9

одделение под менторство на наставничката Тодорка Стоименова и Делфина Ѓоргиева 8 одделение и Матеја Донева 7 одделение под менторство на наставничката Лимонка Стојкова каде Мелани Царева 9 одделение освои 3 место;

- По повод крајот на учебната 2023-2024 година наставникот по физичко образование Дени Митров и одделенските наставнички Анка Тодосиева, Даниела Монева, Елизабета Спасова, Христина Данилова и Александра Богданова во ПУ с. Спанчево, на учениците од 1 до 5 одделение им организираа турнир во мал фудбал. Учесниците добија дипломи и пофалници;
- На ден 17.06.2024 година Наставничкиот совет ги разгледа дадените предлози за првенец на генерација и донесе одлука во учебната 2023-2024 година според успехот и резултатите кои го има постигнато да биде прогласена ученичката Ангела Спасова 9 одделение од с.Спанчево;
- На ден 19.06.2024 година од страна на директорката и класните раководители имаше свечено доделување на свидетелства, признанија, дипломи.... на учениците од 9 одделение.
- Во текот на целата учебна година од страна на стручната служба како и директорот беа реализирани повеќе советодавни разговори и состаноци со учениците и наставниците;
- Во текот на целата учебна година беа реализирани повеќе состаноци со Инклузивниот тим;
- Се реализираа 5 средби со учениците кои имаа незадоволителен успех (3 или повеќе слаби оцени) или значително му опаднал успехот во однос на претходната учебна година, нередовно ја посетуваат наставата од неоправдани причини и имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци и манифестираат различни форми на несоодветно однесување. Средбите се реализирани од страна на психологот.
- На 22 и 23 мај, 2024 год., се спроведе дводневната научна екскурзија во Скопје со учениците од шесто одделение.
- На ден 06.06.2024 година учениците од трето одделение беа на еднодневна научна екскурзија за Скопје, каде се запознаа со знаменитостите и убавините на главниот град.
- Реализирана тридневна научна екскурзија со учениците од 9 одделение од 03 до 05 јуни во Охрид каде видоа многу знаменитости и убавини со кои е богата нашата држава;
- Реализирана еднодневна природно научна екскурзија во природнонаучниот музеј Скопје со учениците од 8 одделение и наставничката Соња Донева на ден 21.05.2024г.;

За здравствена заштита и воспитување на учениците училиштето реализираше повеќе активности и предавања. Во училиштето се извршени и неколку активности и тоа:
-хигиенски прегледи
-Имунизација на учениците
-Систематски прегледи на учениците
-Стоматолошки прегледи.

В) Соработка со локалната средина и други институции

За остварување на овој вид активности училиштето соработуваше со родителите. Соработката се остваруваше и колективно и индивидуално. Индивидуално родителите доаѓаат за разни потреби кај одделенските раководители, кај директорот, кај предметните наставници и кај стручната служба.

Поводите за контакт се разновидни: послаб успех на некои ученици во наставата, недисциплина од некои ученици, отсуствување од настава и др.

Колективната соработка се одвиваше преку родителски средби, каде родителите се запознаени со наставни планови и набавката на нови учебници и училишен прибор, запознаени се со куќниот ред во училиштето, редот во училниците, за успехот и дисциплината и за изостаноците на учениците во наставата. Во текот на првото полугодие се одржаа и 3 редовни родителски средби.

Се реализираа 5 средби со родителите чии деца имаа незадоволителен успех (3 или повеќе слаби оцени) или значително му опаднал успехот во однос на претходната учебна година, нередовно ја посетуваат наставата од неоправдани причини и имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци и манифестираат различни форми на несоодветно однесување. Средбите се реализирани од страна на психологот.

- По повод Новогодишните празници од страна на Млекара Осогово-Милк с. Соколарци, Грга Транс с. Спанчево, Ивана и Мите Богданови с. Уларци и ТП Колот Тим с. Соколарци на учениците од 1 до 9 одделение им беа подарени новогодишни пакетчиња.

Г) Следење, унапредување и вреднување на воспитно-образовната работа

Активностите од оваа подрачје се организираат и реализираат согласно планирањето на директорот, педагогот, психологот и наставниците и тоа:

- Увид во годишните, тематските и процесните планирања. Констатација: Сите наставници имаат изготвени годишни, тематски и процесни планирања.

- Увид во дневните подготовки за час се врши од страна на директорот и стручната служба на училиштето.

Констатација: Сите наставници редовно изготвуваат дневни подготовки.

- Извршено е следење на наставни часови од страна на директорот, педагогот и психологот на училиштето.

  Констатација: Сите наставници се раководат според наставниот план и програма за работа, месечните и годишни планирања и сите изготвуваат дневни подгототвки. Дополнителната и додатната настава се реализира според наставниот план и распоред.

-Увид е извршено и во водењето на педагошката евиденција и документација како од директорот, така и при посета од надлежен Државен просветен инспектор.

Констатација: Педагошката евиденција и документација редовно и уредно се води во електронскиот дневник, со мали пропусти кои навреме се корегирани. За направени грешки во матичната книга се поднесува барање до педагогот на училиштето и со печат и потпис од директорот се прави исправка.

Заклучни согледувања и предлог мерки за подобрување на сосотојбите и унапредување на воспитно образовната дејност

Од проследеното работење на ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци извршено од наша страна и од кратките текстуални коментари на овој извештај констатираме дека Годишната програма за работа за учебната 2023-2024 год. е реализирана преку ангажираноста на носителите на ВОД и нивните соработници.

Предлог мерки :

-стручно усовршување на наставниот и стручниот кадар;
-континуирана примена на знаењата стекнати од обуките;
-реконструкција на фискултурната сала во Чешиново;

Изготвиле
Педагог
Викторија Костадинова

Психолог
Кети Филипова

Директор

Ленче Јакимова

_____